2019

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНСКИ ДОНАТОРИ И ИПА ФОНДОВИ

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
Република Северна Македонија
бул.„Кузман Јосифовски-Питу" бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 23.05.2019 година

Уредници: Александра Новаковска Петрушевски - Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: Ослободување од ДДВ при реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови

ISBN: 978-608-4866-04-6
Бр: 08-3210/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/73

**2019 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................................................................2

ДИРЕКТНО ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ НА ПРОМЕТОТ НА ДОБРА И УСЛУГИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНСКИ ДОНАТОРИ И ИПА ФОНДОВИ ..........................................................................................3

УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ.................4

ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ..............5

ШЕМА НА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ..........................................................................................................13

ПРАВО НА ОДБИВКА НА ПРЕТХОДЕН ДАНОК..................................................................14

НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ДДВ-04 ПРИЈАВАТА.....................................................15

## ВОВЕД

Преку оваа брошура можете да се информирате за општите правила и информации кои се однесуваат на начинот и постапката на ослободување на прометот на добра и услуги кон проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови

Кратенки кои се употребуваат во брошурата:

| | |
|---|---|
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЗДДВ | Закон за данокот на додадена вредност |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| УЈП-РДО | Пријава за регистрација на даночен обврзник |
| ДДВ-ПЕФ-ДО | Пријава за промет на добра и услуги ослободен од ДДВ согласно член 24-а од ЗДДВ |
| ДДВ-ФП-ДО | Фактура за промет ослободен од ДДВ согласно член 24-а од ЗДДВ |
| ДДВ-ЕПФ | Евиденција на примени фактури која ја води примателот на прометот |
| ДДВ-04 | Даночна пријава на данокот на додадена вредност |

## ДИРЕКТНО ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ НА ПРОМЕТОТ НА ДОБРА И УСЛУГИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНСКИ ДОНАТОРИ И ИПА ФОНДОВИ

На прометот на добра и услуги кои се вршат за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови е пропишана посебна постапка за директно ослободување од ДДВ.




Ослободен од ДДВ е прометот на добра и услуги, наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Северна Македонија и странски донатори, ако во тој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци.

Кај проектите кои се финансирани во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА) кој се спроведува во услови на децентрализирано управување, даночното ослободување се однесува и за делот на средствата од национално кофинансирање обезбедено од Буџетот на Република Северна Македонија и тоа од сопствени средства или од други извори на финансирање.

Даночното ослободување се применува и доколку даночен должник е примателот на доброто или корисникот на услугата согласно со членот 32 точка 4 од ЗДДВ.

Доколку проектот како корисник на услугата се јавува како даночен должник согласно член 32 точка 4 од ЗДДВ, истиот нема обврска да пресмета и плати ДДВ.

## УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ

### Регистрација на проект

За да може да се користи даночното ослободување од ДДВ на прометот на добра и услуги за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови, имплементаторот на проектот потребно е да го регистрира проектот во Владата на Република Северна Македонија - Секретаријат за европски прашања.

Откако ќе го регистрира проектот во Владата на Република Северна Македонија - Секретаријат за европски прашања, имплементаторот на проектот треба да добие даночен број на проектот со поднесување на Пријава за регистрација на даночен обврзник - проект (образец УЈП-РДО) до Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје.




### Издавање на фактура со сериски број доделен од страна на УЈП

За користење на даночното ослободување од ДДВ на прометот на добра и услуги за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови, даночниот обврзник-вршител на прометот кон проект треба да издаде фактура која содржи сериски број доделен од страна на УЈП.

Проектот – имплементатор на проектот до вршителот на прометот треба да достави копија од Потврда за регистрација на проектот во Владата на Република Северна Македонија - Секретаријат за европски прашања.

## ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ

### Начин на кој се издава Фактура со сериски број доделен од страна на УЈП

Даночниот обврзник пред да ја издаде фактурата, за користење на даночното ослободување мора да го пријави прометот, по електронски пат преку е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk до УЈП, со поднесување на Пријава за промет на добра и услуги ослободен од ДДВ согласно член 24-а од Законот за ДДВ (образец ДДВ-ПЕФ-ДО).

Врз основа на податоците од поднесената Пријава ДДВ-ПЕФ-ДО, УЈП по електронски пат, преку е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk генерира Фактура за промет ослободен од ДДВ согласно член 24-а од Законот за ДДВ (образец ДДВ-ФП-ДО)

Вршителот на прометот ја печати генерираната Фактура ДДВ-ФП-ДО од системот е-Даноци во два примерока, ја потпишува и еден примерок од фактурата доставува до примателот на прометот - Проектот.

Случаи во кои не се издава Фактура ДДВ-ФП-ДО а се врши промет спрема проект се следните:

- Доколку вршител на прометот е странски даночен обврзник, кој нема ниту седиште, ниту подружница во Република Северна Македонија. Во овој случај странскиот даночен обврзник има обврска да издаде обична фактура за извршениот промет.
- Доколку вршител на прометот е даночен обврзник кој не е регистриран за целите на ДДВ. Во овој случај даночниот обврзник не е овластен да искажува ДДВ во излезните фактури и има обврска да издаде обична фактура во која не искажува ДДВ.
- Доколку се врши промет на добра и услуги кои се ослободени од ДДВ согласно членовите 23 и 24 од ЗДДВ. Во овој случај даночниот обврзник има обврска да издаде обична фактура во која не искажува ДДВ при што во фактурата се наведува "данок на додадена вредност не е пресметан".

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРИЈАВА
## за промет на добра и услуги ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност

**ДДВ-ПЕФ-ДО**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Даночен број за ДДВ на вршител на промет

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

Деловна банка

Трансакциска сметка

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

ЕДБ на проект

Назив и адреса на проект

Број на потврда на проект

Времетраење на проект

Назив на имплементатор на проект

## ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ПРОМЕТ

| Датум на извршен промет | Опис | Количина | Единечна цена | Вкупен износ на надоместок за извршен промет (без ДДВ) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | Вкупно: | |
| | | | Рок на плаќање: | |

☐ **ПОДАТОЦИ ЗА ФАКТУРА КОЈА СЕ СТОРНИРА**

Серискиски број

Датум на издавање

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме

ЕДБ / ЕМБГ

Датум на пополнување

Својство

Потпис

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме

ЕМБГ

Датум на пополнување

Својство

Потпис

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Податоци за обработката

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ФАКТУРА

## за промет ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност

**ДДВ-ФП-ДО**

Даночен број за ДДВ на вршител на промет

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Деловна банка

Трансакциска сметка

Сериски број на фактура

Датум на издавање

Место на издавање

ЕДБ на проект

Назив и адреса на проектот

Назив на имплементатор на проект

| Датум на извршен промет | Опис на извршениот промет | Количина | Единечна цена | Вкупен износ на надоместок за извршен промет (без ДДВ) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | Вкупно: | |
| | | | Рок на плаќање: | |

* *Данокот на додадена вредност не е пресметан согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност.*

* * *За фактура издадена од поврзано лице, по договор со:*

| ЕДБ на носител / член на поврзано лице | | Назив на носител / член на поврзано лице | |
|---|---|---|---|

Име, презиме и потпис

Фактурата е издадена врз основа на пријава број

Специфично при пополнување на Пријавата ДДВ-ПЕФ-ДО и Фактурата ДДВ-ФП-ДО е тоа што истата треба да се однесува и да биде издадена кон проектот. Во полето Назив на имплементатор на проект се внесува имплементаторот кој е наведен во Потврдата од Влада на Република Северна Македонија – СЕП. Доколку во Потврдата од Влада на Република Северна Македонија – СЕП се наведени повеќе имплементатори во полето Назив на имплементатор на проект се внесуваат сите имплементатори кои се наведени.

Доколку вршителот на прометот утврди дека пријавил неточни или нецелосни податоци и износи за прометот на добра и услуги за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови, треба да изврши сторнирање на Фактурата ДДВ-ФП-ДО за која УЈП има доделено сериски број.

Сторнирањето се врши со поднесување на нова Пријава ДДВ-ПЕФ-ДО, преку е-Даноци, во која треба да се пополнат само податоците за вршителот на прометот и податоците за фактурата која се сторнира.

Во полето “Податоци за фактура која се сторнира“ се внесува “X" и се пополнува серискиот број на фактурата и датумот на издавање на фактурата која се сторнира.




Сторнирање на издадена фактура се врши најдоцна до рокот за доставување на Годишната сметка за соодветниот даночен период за кој се однесува издадената фактура.

Откако ќе поднесе пријава за сторнирање на Фактурата ДДВ-ФП-ДО, даночниот обврзник - вршител на прометот поднесува нова Пријава ДДВ-ПЕФ-ДО, во која ги внесува точните и целосните податоци.

## Издавање на авансна и конечна фактура за промет ослободен од ДДВ наменет за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови

Даночниот обврзник е должен на барање да издаде фактура за прометот извршен спрема други даночни обврзници.
Фактурата се издава на денот на кој бил извршен прометот, а најдоцна во рок од пет работни дена.

Даночниот обврзник издава фактура за секое плаќање кое го добива однапред (аванс), пред да биде извршен прометот.
Кога се добива надоместок пред да биде извршен прометот, фактурата се издава истиот ден кога авансното плаќање е добиено, а најдоцна во рок од пет работни дена.

Доколку се добива аванс пред да биде извршен прометот ослободен од ДДВ наменет за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови, даночниот обврзник-вршител на прометот треба да се издаде авансна фактура која ќе биде генерирана од страна на УЈП по поднесена Пријава ДДВ-ПЕФ-ДО.

Вршителот на прометот на примателот на прометот, е должен да му издаде и конечна фактура за извршениот промет.

Во конечната фактура, со која даночниот обврзник врши севкупна пресметка за извршениот промет на добра или за извршените услуги, се минусираат надоместоците или делумните износи примени пред извршувањето на прометот, доколку за овој надоместок или делумен износ биле издадени авансни фактури.

При издавање на конечната фактура во Пријавата ДДВ-ПЕФ-ДО треба да се евидентира само остатокот кој треба да се доплати откако ќе се одземат авансните плаќања за соодветниот промет.

Во прилог кон конечната фактура ДДВ-ФП-ДО, за цели на евиденција потребно е да се направи посебна пресметка во која ќе се изврши севкупна пресметка за извршениот промет на добра или услуги која ќе има елементи на конечна фактура.

## Евиденција на примени фактури која ја води примателот на прометот - проектот

Примателот на прометот ослободен од ДДВ согласно член 24-а од ЗДДВ е должен да води Евиденција на примени фактури која ја води примателот на прометот (образец ДДВ-ЕПФ) и истата ја доставува до УЈП, по електронски пат преку е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk
Евиденцијата ДДВ-ЕПФ се доставува секое календарско тримесечје, најдоцна до 25-ти во месецот по завршување на календарското тримесечје.

Во Евиденцијата ДДВ-ЕПФ, се внесуваат:

- Фактурите ДДВ-ФП-ДО со доделен сериски број од страна на УЈП.
- Примените фактури од странски даночен обврзник кој нема ниту седиште, ниту подружница во РСМ, за промети за кои е користено даночното ослободување.

Во Евиденцијата ДДВ-ЕПФ, во случај на примените фактури од странскиот даночен обврзник, во полето "ЕДБ/Идентификационен број на вршителот на промет" се внесува Идентификациониот број на странското правно лице-вршител на прометот, а во полето "број на фактура" се внесува бројот на фактурата на странското правно лице-вршител на прометот.

Во случај кога надоместокот кој го должи примателот на доброто или корисникот на услугата е пресметан во странска валута, се врши конверзија во денари по продажниот курс утврден од Народната банка на РСМ на денот на настанувањето на даночниот долг.

Евиденцијата ДДВ-ЕПФ се поднесува од страна на овластеното лице кое е наведено во Пријавата за регистрација на даночен обврзник (образец УЈП-РДО) или од страна на друго ополномоштено лице (сметководител).

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ЕВИДЕНЦИЈА
## на примени фактури која ја води примателот на прометот

**ДДВ-ЕПФ**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Датум и број на прием

Скратен назив и вистинско седиште на имплементатор (примател на промет)

Телефон

е-пошта

Даночен период

од | до

Рок за поднесување

Исправка на ДДВ-ЕПФ | Број

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

ЕДБ на проект

Назив и адреса на проект

Број на Решение за регистрација на проект | Времетраење на проект

## ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ПРОМЕТ

| Ред. бр. | ЕДБ / Идентификационен број на вршителот на промет | Назив и адреса на вршителот на промет | Број на фактура | Датум на издавање на фактура | Вкупен износ на надоместокот за извршен промет (без ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | **Вкупно за реден број 1:** | |
| 2 | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | **Вкупно за реден број 2:** | |
| | | | | **ВКУПНО:** | |

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме

ЕДБ / ЕМБГ | Датум на пополнување

Својство | Потпис

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме

ЕМБГ | Датум на пополнување

Својство | Потпис

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Податоци за обработката

Иако во Потврдата од Влада на Република Северна Македонија – СЕП може да бидат наведени повеќе имплементатори, во образецот УЈП-РДО кој се поднесува при регистрација на проектот во УЈП треба да се наведе едно овластено лице кое ќе биде одговорно за поднесување на Евиденцијата ДДВ-ЕПФ. Ова значи дека Евиденцијата ДДВ-ЕПФ се поднесува само од овластеното лице за проектот, а не од страна на овластените лица на имплементаторите во случај кога се наведени повеќе имплементатори на проектот.

Доколку во одредено календарско тримесечје не се издадени фактури кон проектот, од страна на домашни и странски даночни обврзници не треба да се поднесе Евиденција ДДВ-ЕПФ за тоа календарско тримесечје.

Доколку Примателот на прометот-проектот утврди дека пријавил неточно или нецелосно промети во Евиденцијата ДДВ-ЕПФ, за соодветниот даночен период должен е да изврши исправка на Евиденцијата ДДВ-ЕПФ за тој даночен период и тоа најдоцна до рокот за доставување на Годишната сметка.

При поднесување на исправка на претходно поднесена Евиденција, се означува полето "Исправка на ДДВ-ЕПФ" со внесување на знакот "x" и се наведува даночниот период за кој се врши исправката.

Во Евиденцијата ДДВ-ЕПФ се внесуваат сите примени Фактури ДДВ-ФП-ДО и фактури од странски даночен обврзник кој нема ниту седиште, ниту подружница во РСМ, за промети за кои е користено даночното ослободување, а кои се однесуваат за извршениот промет кон проектот во соодветниот даночен период.

## ШЕМА НА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ



## ПРАВО НА ОДБИВКА НА ПРЕТХОДЕН ДАНОК

Даночниот обврзник кој врши промет ослободен од ДДВ наменет за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови, има право на одбивка на претходниот данок со исполнување на законските услови за правото на одбивка на претходниот данок.

## НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ДДВ-04 ПРИЈАВАТА

Даночниот обврзник-вршител на прометот го внесува извршениот промет ослободен од ДДВ наменет за реализација на проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови, во полето 05 - (Промет ослободен од данок со право на одбивка на претходен данок) од Даночната пријава на данокот на додадена вредност (образец “ДДВ-04”).
Влезните фактури за кој вршителот на прометот има право на одбивка на претходен данок се евидентираат во Даночната пријава на ДДВ (образец ДДВ-04), соодветно во полињата од 18 до 23.

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври" бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27, 1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Мирче Ацев" бр.3, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители" бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ" бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

e-aukcii.ujp.gov.mk

ISBN:978-608-4866-04-6